# Извештај по повод 1-ви декември, Светски ден за борба против СИДА

ХИВ останува главен глобален јавно-здравствен проблем, досега се регистрирани околу 42,3 милиони смртни случаи. Трансмисијата на вирусот се регистрира во сите земји на глобално ниво.

Се проценува дека на крајот на 2023 година живееле 39,9 милиони луѓе со ХИВ, од кои 65% се во африканскиот регион на СЗО.

Во 2023 година, околу 630 000 луѓе починале од причини поврзани со ХИВ и се проценува дека 1,3 милиони луѓе се здобиле со ХИВ.

Не постои лек за ХИВ инфекцијата. Меѓутоа, со пристап до ефикасна превенција, дијагноза, антиретровирусен третман и грижа за ХИВ, вклучително и за опортунистички инфекции, ХИВ инфекцијата стана хронична здравствена состојба, овозможувајќи им на луѓето што живеат со ХИВ да водат долг и здрав живот.

До 2025 година, 95% од сите луѓе кои живеат со ХИВ треба да имаат дијагноза, од кои 95% треба да земаат животоспасувачки антиретровирусен третман, а 95% од луѓето кои живеат со ХИВ на третман треба да постигнат потиснато вирусно оптоварување во корист на здравјето на лицето и за намалување на натамошниот пренос на ХИВ. Во 2023 година, овие проценти беа 86%, 89% и 93%, соодветно.

Во 2023 година, од сите луѓе кои живеат со ХИВ, 86% го знаеле својот статус, 77% примале антиретровирусна терапија и 72% имале потиснато вирусно оптоварување.

Светот може да стави крај на СИДА - ако се заштитени правата на сите. Со човековите права во центарот, со заедниците во водство, светот може да стави крај на СИДА-та како закана за јавното здравје до 2030 година.

На 1 декември СЗО им се придружува на партнерите и заедниците за да го одбележат Светскиот ден за борба против СИДА-та во 2024 година. Под темата „Оди по патот на правата: Мое здравје, мое право!", СЗО ги повикува глобалните лидери и граѓаните да се залагаат за правото на здравје со справување со нееднаквостите кои го попречуваат напредокот во ставањето крај на СИДА-та.

## СОСТОЈБА СО ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. Состојба со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија во 2024 година

Во 2024 година (заклучно со 27.11.2024), пристигнати се пријави за 51 новорегистрирани лица на ХИВ/СИДА во Република Северна Македонија, што претставува инциденца од 2,6 на 100.000 жители.

Бројот на случаи во 2024 година е поголем за 10,9% споредено со истиот период од 2023 година кога беа регистриран 46 случаи (заклучно со 27.11.2023).

Во 2024 година, од регистрираните случаи, 48 се од машки пол, 3 од женски пол.

Возраста на случаите не отстапува значително од возрасната дистрибуција од предходно пријавените случаи. Просечната возраст на новите случаи е 36 години, а е во опсег од 22 до 59 година, 60,8% од случаите се на возраст од 20 до 39 години.

**Графикон 1.** Дистрибуција според возраст на новорегистрирани случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 2024 година




Од анализата на пристигнатите пријави се забележува дека во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, регистрирани 15 лица со хетеросексуална трансмисија и 36 лица од МСМ популацијата.

Бројот и пропорцијата на регистрирани случаи кај МСМ го следи трендот од претходниот период, она што загрижува е порастот на преваленцата на ХИВ кај оваа популација. Според резултатите од последното истражување од 2018 година[1], кај мажите кои имаат секс со мажи во Скопје, проценетата преваленца е 5,4% (95%CI 1.8-9,0%), што значи дека во Р.С.М за прв пат се регистрира концентрирана епидемија кај одредена популациона група.

[1] ИЗВЕШТАЈ од биобихевиоралното истражување и процена на бројноста на популацијата на мажи кои имаат секс со мажи во Скопје, Македонија: Микиќ В. Кузмановска Г. Кочински Д. et all, Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. ISBN 978-608-235-053-0; COBISS.MK-ID 109184266

Од случаите во 2024 година, најголем дел (n=21) се со место на живеење во Скопје со инциденца од 3,5/100.000 жители. Останатите случаи се регистрираат како спорадични случаи во 13 градови од Р.С. Македонија. Три случаи во 2024 се странски државјани. Дистрибуцијата на случаите дијагностицирани во 2024 е претставена во Табела 1.

Вкупната инциденца на ХИВ во 2024 година изнесува 2,6/100.000 случаи што е значително помалку од инциденцата во земјите на ЕУ/ЕЕА каде стапката на нови дијагнози во 2022 била 12,4/100.000 жители[2].

**Табела 1.** Дистрибуција според место на живеење на новорегистрирани и починати случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 2024 година

| Место на живеење | ХИВ | СИДА | Вкупен број во 2024 | Инциденца/ 100.000 | Починати од СИДА* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 14 | 7 | 21 | 3,5 | 2 |
| **Битола** | 4 | 0 | 4 | 4,3 | |
| **Охрид** | 2 | 2 | 4 | 7,3 | |
| **Тетово** | 1 | 2 | 3 | 1,8 | |
| **Велес** | 1 | 1 | 2 | 3,4 | |
| **Виница** | 0 | 2 | 2 | 13,8 | |
| **Гостивар** | 2 | 0 | 2 | 2,4 | |
| **Куманово** | 2 | 0 | 2 | 1,6 | |
| **Прилеп** | 0 | 2 | 2 | 2,3 | |
| **Пробиштип** | 2 | 0 | 2 | 14,9 | |
| **Демир Хисар** | 1 | 0 | 1 | 13,8 | 1 |
| **Кочани** | 1 | 0 | 1 | 2,6 | |
| **Струмица** | 0 | 1 | 1 | 1,3 | |
| **Штип** | 1 | 0 | 1 | 2,1 | |
| **странец** | 2 | 1 | 3 | | |
| **Струга** | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 1 |
| **Кавадарци** | 0 | 0 | 0 | 0,0 | 1 |
| **Р.С.Македонија** | **33** | **18** | **51** | **2,6** | **5** |

*Еден случај е новорегистриран во 2024, останатите се регистрирани во претходни години

Во 2024 година, регистрирани се 5 смртни случаи поврзани со СИДА.

[2] HIV/AIDS surveillance in Europe 2023 – 2022 data. Достапен на: https://www.ecdc.europa.eu/en/publications-data/hivaids-surveillance-europe-2023-2022-data

## 2. Кумулативни податоци со ХИВ/СИДА во Р. С. Македонија (заклучно со 27.11.2024)

Република Северна Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, од 1987 до крај на 2024 (заклучно со 27.11.2024) се регистрирани 687случаи на ХИВ/СИДА, но во последните години се бележи нагорен тренд, 41,2% од сите случаи се регистрирани во последните пет години (Графикон 2).

**Графикон 2.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024 година




Кумулативно, од регистрираните случаи, 616 (89,7%) се од машки пол и 70 (10,2%) од женски пол. Високото пропорционално учество на машки лица во бројот на новорегистрирани случаи е тренд во изминатите 15 години (Графикон 3).

**Графикон 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по пол, Република Северна Македонија, 1987-2024 година



Просечната возраст на регистрирани случаи кога била поставена дијагнозата е 43 години (опсег од 12-95 години). Дистрибуцијата по возраст укажува дека најзафатени се сексуално активни лица на возраст од 20-39 години кои чинат речиси три четвртини од дијагностицираните случаи (72,9%, n=501). На млади на возраст до 19 години отпаѓаат помалку од 2% (Графикон 4).

**Графикон 4.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по возраст, Република Северна Македонија, 1987-2024 година




Во периодот од 1987 до 2024 година (заклучно со 27.11.2024), вкупно 131 од дијагностицираните лица во Република Северна Македонија починале поради причини поврзани со СИДА, што претставува стапка на смртност од 19,1%.

Со воведувањето на антиретровирусната терапија, преживувањето на лицата кои живеат со ХИВ е значително подобрено, во последните 10 години од 444 регистрирани случаи регистрирани се 32 смртни случаи што претставува стапка на смртност од 7,2%.

**Графикон 5.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по година на дијагноза и смрт од причини поврзани со ХИВ/СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024



Кумулативно, најголем број од случаите се со место на живеење во Скопје (n=291) (Табела 2).

**Табела 2.** Географска дистрибуција, вкупен број и починати од СИДА, Република Северна Македонија, 1987-2024

| Град | Вкупно 1987-2024 | ХИВ | СИДА | Починати |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 312 | 217 | 95 | 47 |
| **Тетово** | 41 | 14 | 27 | 19 |
| **Прилеп** | 32 | 21 | 11 | 7 |
| **Штип** | 31 | 21 | 10 | 7 |
| **Куманово** | 31 | 21 | 10 | 5 |
| **Битола** | 26 | 18 | 8 | 2 |
| **Охрид** | 24 | 14 | 10 | 7 |
| **Велес** | 22 | 14 | 8 | 4 |
| **Струмица** | 19 | 15 | 4 | 2 |
| **Гостивар** | 17 | 12 | 5 | 1 |
| **Кавадарци** | 15 | 9 | 6 | 3 |
| **Кочани** | 15 | 10 | 5 | 3 |
| **Кичево** | 8 | 1 | 7 | 5 |
| **Струга** | 8 | 5 | 3 | 2 |
| **Пробиштип** | 8 | 3 | 5 | 1 |
| **Дебар** | 7 | 4 | 3 | 2 |
| **Делчево** | 7 | 4 | 3 | 1 |
| **Крива Паланка** | 5 | 3 | 2 | 2 |
| **Свети Николе** | 5 | 3 | 2 | 1 |
| **Виница** | 5 | 1 | 4 | 2 |
| **Богданци** | 4 | 3 | 1 | 0 |
| **Берово** | 3 | 2 | 1 | 0 |
| **Гевгелија** | 3 | 2 | 1 | 0 |
| **Радовиш** | 3 | 1 | 2 | 0 |
| **Демир Хисар** | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **Демир Капија** | 2 | 1 | 1 | 0 |
| **Дојран** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Кратово** | 2 | 1 | 1 | 1 |
| **Македонски Брод** | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Неготино** | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **Ресен** | 2 | 2 | 0 | 1 |
| **Валандово** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Македонска Каменица** | 1 | 0 | 1 | 0 |
| **Пехчево** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **нп** | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **странец** | 17 | 8 | 9 | 4 |
| **ВКУПНО** | **687** | **440** | **247** | **131** |

Кумулативно според начинот на трансмисија, најголем број од случаите (61,3%) се кај мажи кои имале секс со маж, хетеросексуалниот начин на пренос е регистриран кај 225 случаи, лица кои инјектираат дроги учествуваат со 1,7%, а по 6 случаи (0,9%) се регистрирани кај лица со хемофилија (последниот пред 18 години) и вертикален пренос од мајка на дете.

**Табела 3.** Дистрибуција на случаи на ХИВ/СИДА по според начин на трансмисија, Република Северна Македонија, 1987-2024

| ***НАЧИН НА ТРАНСМИСИЈА НА ЛИЦАТА СО ХИВ/СИДА*** | ***ВКУПНО*** | ***ПРОЦЕНТ*** |
|---|---|---|
| МСМ | 421 | 61,3 |
| Хетеросексулен пат на пренос | 225 | 32,8 |
| Лица кои инјектираат дрога | 12 | 1,7 |
| Вертикален пренос (мајка на дете) | 6 | 0,9 |
| Хемофиличари | 6 | 0,9 |
| Непознат начин на пренос | 17 | 2,5 |
| **ВКУПНО** | **687** | 100,0 |

Слично како и во останати земји од европскиот регион, во Р.С.Македонија, мажи кои имаат секс со мажи се изложени на поголем ризик од ХИВ инфекција, во последните 10 години 72,3% од регистрираните случаи се кај мажи кои имале секс со мажи.

**Графикон 6.** Дистрибуција на случаите на ХИВ според начин на трансмисија, Република Северна Македонија, 1987-2024




**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**
**Институт за јавно здравје**